Република Македонија
Државна изборна комисија

# ЗАПИСНИК

## ОД 9–ТА СЕДНИЦА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 1 ФЕВРУАРИ 2016 ГОДИНА

Изготвил
Љупка Гугучевска

**ЗАПИСНИК**
од деветтата седница на Државната изборна комисија

Деветтата седница на Државната изборна комисија се одржа на 1 февруари 2016 година во салата за седници во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 14.30 часот.

На седницата присуствуваа:

**Реџеп Прекопуца** – Потпретседател на Државната изборна комисија.
**Атанас Урумов**- Член на Државната изборна комисија
**Силвана Бонева** - Член на Државната изборна комисија
**Сашо Срцев** - Член на Државата изборна комисија
**Субхи Јакупи**- Член на Државата изборна комисија
**Виолета Дума** – Член на Државната изборна комисија
**Игор Милев**- Член на Државната изборна комисија, и
**Бедредин Ибраими**- Член на Државната изборна комисија, и
**Добре Јанчев**- Генерален секретар на Државната изборна комисија.

На седницата поради оправдани причини не присуствиваше Претседателот на ДИК Александар Чичаковски.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Потпретседателот на Државната изборна комисија Реџеп Прекопуца.

За оваа седница беше предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Заклучок за објавување на јавен повик за избор на две ИТ компании/експерти кои ќе ја извршат вкрстената проверка на базите на податоци на државните органи, кои што располагаат сорегистри на граѓани по различни основи, и

2. Разно.

Со оглед на тоа дека немаше предлози за измена и дополнување на дневниот ред, Потпретседателот на ДИК, Реџеп Прекопуца, истиот го стави на усвојување:

**Комисијата едногласно го усвои дневниот ред.**

Точка 1

Усвојување на Заклучок за објавување на јавен повик за избор на две ИТ компании/експерти кои ќе ја извршат вкрстената проверка на базите на податоци на државните органи, кои што располагаат сорегистри на граѓани по различни основи.

Со оглед на тоа дека немаше дискусии и забелешки по првата точка на дневниот ред, истата беше ставена на усвојување.

**Комисијата едногласно го усвои Заклучокот за објавување на јавен повик за избор на две ИТ компании/експерти кои ќе ја извршат вкрстената проверка на базите на податоци на државните органи, кои што располагаат сорегистри на граѓани по различни основи.**

Точка 2 - Разно

Со оглед на тоа дека никој од членовите на Државната изборна комисија не се јави за збор по оваа точка, Потпретседателот на ДИК, Реџеп Прекопуца, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја заклучи седницата.

9-та седница на ДИК заврши во 14:40 часот

Број 08-260/2
11.01.2016
Скопје

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ,
Реџеп Прекопуца

*НАПОМЕНА:*
*Составен дел на овој записник е аудио снимка од седницата*